**М-р Ивана Балтовска**[1]

# ПОИМ, ДЕФИНИЦИЈА, ОБЛИЦИ И ФЕНОМЕНОЛОГИЈА НА КРИВИЧНОТО ДЕЛО „СИЛУВАЊЕ“ (чл. 186 од КЗ)

**1.04 Стручна статија**

**УДК 344.3:341.322.5(430)"1945/1946"**
**341.645.5(492)**
**341.4**

## Апстракт

*Кривичното дело „Силување“, како дел од сексуалниот криминалитет воопшто, претставува страшна повреда на едно од најважните права на човекот – половата слобода и половиот морал. Иако овој тип кривични дела процентуално не заземаат голем дел од вкупниот криминалитет, опасноста и последиците што произлегуваат се катастрофални. Станува збор за едно од најтешките кривични дела, инкриминирано во деветнаесеттата глава на Кривичниот законик на РСМ – „Кривични дела против половата слобода и половиот морал“. Откако постои светот и човештвото, постои и ваквиот тип злоупотреба на една од најголемите вредности на човекот, што е причина повеќе за да се разгледаат и да се анализираат причините поради кои доаѓа до сторување на сексуалниот криминалитет и високата темна бројка.*

*Во овој труд детално ќе се разработат елементите на кривичното дело „Силување“, феноменологијата, ќе се даде компаративен преглед на кривичните*

[1] Авторката е магистер по казнено право, моментално вработена во АД ВЕРИТАС Битола. Дипломирала на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во 2018 година, а магистрирала исто така на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при УКИМ во 2020 година, под менторство на проф. д-р Александра Груевска-Дракулевски на тема: „Профил на сторител на кривично дело силување“. Член е на невладината организација „Justice Defenders“, која се занимава со изработка на проекти од областа на правото, учествувала на семинари, обуки и конференции за заштита и унапредување на човековите права и слободи. Работела со затвореници и притвореници преку правната клиника за ранливи групи на Правниот факултет „Јустинијан Први“, како и со мигрантите и нивните права, организирано преку правната клиника за бегалци и бегалското право.
Досега има издадено три книги: „Неискажаните зборови“, „Пајажина од тајни“ – добитник на Признание за афирмација на современиот македонски јазик и книжевност и „Чекор пред нив“ – како проект финансиран од Министерството за култура.

*законодавства, како и анализа на собраните податоци за сторени кривични дела „Силување“ од изминатите шест години, корисни за изработката и за прикажување целосна слика на овој труд (опфаќајќи ја и 2021 година, заклучно со април, кога беше спроведено ова истражување). Со овој труд подетално ќе се доразработат и ќе се прецизираат одредени сегменти на ова кривично дело и ќе се обидеме да разјасниме одредени дилеми што настануваат при толкувањето на ова кривично дело.*

**Клучни зборови:** кривично дело силување, објект на заштита, полова слобода и полов морал, жртва, сторител.

## 1. Вовед

„Криминалитетот е нормална општествена појава, која ја имало отсекогаш и секогаш ќе ја има“, знаел да каже Емил Диркем разработувајќи ја неговата теорија за криминалитетот. Тоа го кажува во насока да објасни дека криминалитетот, како вкупен збир на индивидуални човечки криминални однесувања, отсекогаш постоел и никогаш не може целосно да се искорени. Токму затоа, во фокусот на ова истражување е и една од најнегативните категории на човечкото однесување, а тоа е, секако, криминалитетот, односно поспецифично, кривичното дело „Силување“, како дел од насилничкиот, односно агресивниот криминалитет. Како дел од агресивниот криминалитет, кривичното дело „Силување“ ги повредува основните човекови вредности, поточно половата слобода и половиот морал. За да го задоволи својот сексуален нагон, сторителот извршува насилство и го задоволува нагонот и притоа го сторува кривичното дело „Силување“, исполнувајќи го битието на членот 186 од КЗ. Суровоста и специфичноста што ги носи со себе ова дело водат кон подетално истражување и анализирање на сексуалниот криминалитет, но во овој труд конкретно ќе се задржиме само на еден негов сегмент, односно кривичното дело „Силување“.

## 2. Поим на кривичното дело „Силување“

За да стигнеме до поимот и точната дефиниција на кривичното дело „Силување“, пред сѐ, ќе ги разгледаме следните елементи што го сочинуваат и на тој начин ќе дојдеме до целосна и јасна слика за тоа што претставува ова кривично дело.

### *2.1 Објект на заштита и објект на дејствие*

Во казненото материјално право постои разлика помеѓу овие два поими, односно помеѓу термините објект на заштита и објект на дејствие. Објект на заштита претставува одредена вредност што сака да ја заштити правната норма со цел да се оневозможи нејзиното злоупотребување и повреда. Таа претставува апстрактна вредност, која преку правна регулација се заштитува и се инкриминира во Кривичниот законик. Објектот на заштита е апстрактен, генерички поим, кој ја содржи идејата на правното добро што се заштитува со конкретната инкриминација.[2] Таков објект на заштита кај кривичното дело „Силување“ претставува ***половата слобода и половиот морал***, кои се апсолутни и не зависат од моралните својства и особини на личноста. На пример, не е важно дали станува збор за проститутка, жиголо, жени или мажи со низок морал и така натаму, туку она што е важно е дека доаѓа до повреда на објектот на заштита, бидејќи секое лице има апсолутна слобода да одлучи дали, кога и како сака да стапи во сексуален однос со одредено лице. Личните карактеристики не се воопшто важни, ниту, пак, пресудни.[3]

Објектот на дејствие е нешто опипливо, материјално, дел од надворешниот свет чија што повреда или загрозување се појавува како последица на стореното кривично дело. Тоа е објект врз кој се извршува кривичното дело, односно материјална и реална повреда на објектот на заштита, која се отелотворува преку активно или пасивно сторување на сторителот и сторување на казненото дело. Значи, објектот на дејствието е *материјализиран облик* на апстрактното правно добро што се појавува како објект на заштита на конкретното дело. За илустрација, објект на дејствие кај кривичното дело „Убиство“ е човечкото тело, додека, пак, објект на заштита претставува човековиот живот како вредност. Како што напоменавме погоре, објект на заштита кај кривичното дело „Силување“ претставува

---

[2] Камбовски, В., „Казнено право – општ дел“, четврто, изменето и дополнето издание, Скопје: Правен факултет, 2011 г.
[3] Камбовски, В., Тупанчески, Н., „Казнено право – посебен дел“, петто, изменето и дополнето издание, Скопје: Правен факултет, 2011 г.

половата слобода и половиот морал, додека, пак, објект на дејствие е повторно човековото дело, бидејќи тоа е објектот што физички ги сноси последиците од кривичното дело.

### *2.2 Елементи на кривичното дело „Силување“*

Силувањето, како типичен претставник на групата сексуални деликти, односно ***delicta carnis***, претставува неправо сложено кривично дело. Терминот сложено кривично дело појаснува дека за да дојде до остварување на законското битие на кривичното дело, потребно е да се изврши повеќе од едно дејствие, а терминот неправо сложено кривично дело појаснува дека доколку одделно ги разгледуваме двете дејствија на извршување, не би претставувале кривично дело од ваков тип. Попрецизно, кривичното дело „Силување“ се состои од два дела – присилба и обљуба. Обљубата, гледана сама по себе, доколку ја нема присилбата – не претставува кривично дело.[4]

### *2.3 Објективно битие на делото*

Под битие, односно *corpus* на одредено кривично дело подразбираме збир од неговите елементи што го обележуваат и го дефинираат делото. Кривичното дело „Силување“ го врши тој што со употреба на сила или закана дека непосредно, односно директно ќе нападне врз неговиот живот и тело или врз животот и телото на нему блиску лице, друг ќе присили на обљуба или друго полово дејствие.[5] Присилбата го опфаќа не само физичкото дејствување, туку и психичкото дејствување врз жртвата, па така таа се остварува со употреба на сила или закана. Силата (vis), во најопшта смисла, претставува физичка сила со која се дејствува врз животот на човекот, секако, спротивно на неговата волја. Теоретски дефинирано, силата може да биде апсолутна (vis apsoluta) и компулсивна (vis compulsiva). Доколку врз жртвата се примени апсолутна сила, таа не е способна да се спротивстави, односно да даде отпор, додека, пак, кај компулсивната постои таква опција. Типичен пример за апсолутна сила е кога жртвата не може да даде отпор бидејќи ѝ е

[4] Ibid, стр. 194.
[5] Член 186, став 1 КЗМ: „Тој што друг со употреба на сила или закана дека непосредно ќе нападне врз неговиот живот или телото на нему блиско лице, ќе го присили на обљуба, ќе се казни со затвор од три до десет години“.

оневозможено движењето и реакциите, на пример, доколку е дрогирана, парализирана, хипнотизирана или во целосно алкохолизирана состојба. Во таква ситуација, жртвата навистина не може да се спротивстави на конкретниот чин и потпаѓа под дејството на апсолутната сила. Додека, пак, кога станува збор за компулсивна сила, ситуацијата е поинаква. Пример за компулсивна сила е тепањето, удирањето, камшикувањето на жртвата, сѐ со цел да се онеспособи жртвата и да се принуди на чинот на обљуба. Кај силувањето, под поимот сила се смета и употребата на хипноза и опојни средства. Тие се применуваат без знаење или спротивно на волјата на жртвата, сѐ со цел да се изврши обљуба.[6]

Заканата (metus), всушност, е изјава упатена од едно на друго лице со која се зема предвид извршување одредено зло со кое се заканува и од кое би произлегло одредено однесување. Сепак, заканата што се зема предвид како зло треба да биде таква што, без сомнение, ќе создаде впечаток кај другото лице дека ќе биде реализирана. За разлика од силата, заканата всушност претставува психичка сила чија цел е да ја заплаши жртвата и, исто така, да ја присили на обљуба.

Значи, силата и/или заканата како видови на присилба, треба да бидат подобни во конкретните околности за да се изврши обљуба и да бидат подобни да го скршат отпорот на другото лице.

### *2.4 Обљуба и друго полово дејствие*

Сама за себе, обљубата не претставува кривично дело и е природна потреба кај човекот, т. е. сексуален нагон што треба да се задоволи и произлегува од човековата природа, која не може да се промени. Обљуба е збор што доаѓа од српскиот јазик и, всушност, значи соединување, спојување, односно ***coitus*** на половите органи на две лица од различен пол. Обљубата е конститутивно обележје, односно карактеристика на повеќе законски битија (обљуба над немоќно лице, полов напад врз дете што не навршило 14 години, обљуба со злоупотреба на положбата). Под обљуба се подразбира започнување со продирање на машкиот полов орган (falus) во женскиот полов орган, без оглед на тоа дали

[6] Под насловот „Нова дрога на Балканот“, ДНЕВНИК на 5 септември 2005 година објави „Дрогата за силување сее страв во Македонија“, каде што пишува: „Станува збор за опасна варијанта на екстази, која доведува до губење на самоконтролата, а предизвикува еуфорија и желба за разговор и секс... за која се претпоставува дека многу брзо ќе може да се набави и во нашата земја бидејќи ја има во Србија и на црногорското приморје“.

доаѓа или не доаѓа до исфрлување на семето (emissio seminis или imissio seminis). Не е доволно обично допирање помеѓу половите органи. Обљубата е завршен чин со кој се смета дека е завршено кривичното дело.[7]

Друго полово дејствие е, исто така, конститутивно обележје на повеќе кривични дела. Но, за разлика од поимот обљуба, овој поим може многу потешко да се дефинира. Тоа е дејствие, чин со кој се задоволува половиот нагон на сличен начин како и кај обљубата. Има повеќе становишта и мислења што на најразличен начин се обидуваат да го дефинираат поимот друго полово дејствие, меѓутоа ние ќе го опфатиме поширокото становиште за тоа што претставува поимот полово дејствие. Имено, тоа ги опфаќа следните дејствија: вовлекувањето на машкиот полов орган во други телесни отвори (imissio in os), полови дејствија што се состојат во фрикција (триење, допир, притисок) на гениталиите врз телото на друго лице, заемна мастурбација, како и педерастијата (imissio in anum).[8]

### *2.5 Дејствие на извршување (actus reus)*

Под дејство на извршување кривично дело се подразбира одредено човечко сторување, па некаде и човечко несторување, односно пасивност, па така разликуваме два вида кривични дела – *delictum commissivum* и *delictum omissivum* (на пример, гарантните омисивни деликти)[9]. Кривичното дело „Силување“ спаѓа во групата типични комисивни деликти, односно за да дојде до исполнување на законското битие на ова кривично дело, потребно е да дојде до манифестација на човеково однесување, односно сторување. Имено, како што напоменавме погоре, потребно е да има присилба, а потоа обљуба или друго полово дејствие. Присилбата, како средство, е услов, односно *conditio sine qua non* на остварувањето на делото, затоа и не може да стане збор за *delictum omissivum* во ниедна ситуација.[10] Невозможно е да се силува некој со пасивно однесување, односно со несторување бидејќи природата на ова кривично дело е таква што тоа не го дозволува – мора да има употреба на сила и физички контакт помеѓу жртвата и сторителот.

---

[7] Камбовски, В., Тупанчески, Н., „Казнено право – посебен дел“, петто, изменето и дополнето издание, Скопје: Правен факултет, 2011 г.
[8] Ibid, стр. 197.
[9] Камбовски, В., „Казнено право – општ дел“, четврто, изменето и дополнето издание, Скопје, Правен факултет, 2011 г.
[10] Ibid, стр. 193.

### *2.6 Вина кај кривичното дело „Силување“*

Кривичниот законик на РСМ[11] ја прифаќа нормативно-психолошката концепција за вината, дефинирајќи дека виновен е сторителот што е пресметлив и што го извршил кривичното дело со умисла или од небрежност и притоа бил свесен или бил должен и можел да биде свесен за неговата забранетост. Така, кога станува збор за субјективното битие на делото, односно вината, мора да напоменеме дека станува збор за умислено кривично дело. Односно, сторителот настапувал со директна умисла, односно *dolus directus*, свесен за тоа дека со употреба на присилба го совладува отпорот на жртвата и пристапува кон чинот на обљуба. Директната умисла кај сторителот опфаќа две компоненти: интелектуална и волева компонента, при што и двете категории мора да бидат докажани за да се утврди дека сторителот дејствувал со директна умисла. Интелектуалната компонента (свеста за делото) ги опфаќа сите околности што се појавуваат како обележја на законското битие на конкретното дело. Конкретно, во нашиот случај, силување врши тој што е свесен дека со употреба на присилба и против волјата на жртвата го врши половиот акт. Волевата компонента (сакањето на делото) се дефинира како субјективна насоченост на дејствието од страна на сторителот кон остварувањето на забранетата последица – сторителот сака да го стори делото и да ја силува жртвата. Субјективната свест за вршење на кривичното дело е категорија што мора да се докаже.[12]

### *2.7 Обид и довршено дело*

Обидот е започнато, но недовршено кривично дело, односно умислено започнување со извршување на делото што останало недовршено поради некоја причина независна од волјата на сторителот. Значи, последицата што требало да се постине со сторувањето на

[11] Кривичен законик, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/1996, 80/1991, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015 и 226/2015, 97/2017, 248/2018.

[12] Камбовски, В., Тупанчески, Н., „Казнено право – посебен дел“, петто, изменето и дополнето издание, Скопје: Правен факултет, 2011 г.

кривичното дело изостанала спротивно на волјата на сторителот.[13] Во нашиот Кривичен законик, обидот е дефиниран во членот 19 став 1 и овој член обидот го дефинира како умислено започнување со извршување кривично дело, но недовршување на делото.[14]

Обидот за кривичното дело „Силување“ започнува со почетокот на примената на сила или закана поради вршење обљуба или друго полово дејствие, при што таквите дејствија треба непосредно да претходат на актот на обљубата или половото дејствие. На пример, нема обид за силување ако станува збор за временско оддалечено дејствие на присилба, на пример, тегнење на жртвата, дофрлување непристојни зборови, допирање и слично.

Довршеното дело се совпаѓа со извршувањето на актот на обљуба, односно со започнувањето на продирањето на машкиот полов орган во женскиот, независно дали доаѓа или не доаѓа до исфрлување на семето. Доколку станува збор за друго полово дејствие, довршено дело е тогаш кога доаѓа до насилен и непосакуван допир на половите органи врз телото на жртвата.[15]

### *2.8 Доброволно откажување од обид*

Кога станува збор за доброволното откажување од обид, постои можност сторителот да се ослободи од казна. Она што е важно е сторителот своеволно, без никаков притисок и по свое убедување, да се откаже од намерата за извршување на делото. Само тогаш може да кажеме дека станува збор за доброволно откажување од обид.[16] За илустрација, ќе наведеме еден пример. Лицето А сака да го силува лицето Б. Лицето Б му фрла црковна клетва (анатема), со цел лицето А да се откаже од чинот на силување. Тука имаме две можни ситуации. Доколку лицето е верник и се откаже, станува збор за недоброволно откажување од обидот, бидејќи лицето А било под притисок и страв од религијата и божјата сила, а доколку лицето не е верник и сепак се откаже, тогаш може да кажеме дека имаме

[13] Камбовски, В., „Казнено право – општ дел“, четврто, изменето и дополнето издание, Скопје: Правен Факултет, 2011 г.
[14] Член 19, став 1 од КЗМ: „Тој што со умисла ќе започне извршување на кривично дело, но нема да го доврши, ќе се казни за обид на кривично дело“.
[15] [15]Камбовски, В., Тупанчески, Н, „ Казнено право, посебен дел –петто, изменето и дополнето издание”, Скопје: Правен факултет, 2011
[16]Член 21, став 1 КЗМ: „Сторител кој подготвувал или се обидел да изврши кривично дело, но доброволно се откажал од неговото извршување, може да се ослободи од казна.”

доброволно откажување од обид, бидејќи религијата, а и клетвата немаат никакво влијание врз него.

Имено, самата можност сторителот да се ослободи од казната доколку тој доброволно се откаже и од обидот, дејствува мотивирачки врз лицето навреме да се откаже од сторување на делото, односно сторителот навреме да се одврати од намерата и истовремено да се спаси и себеси и жртвата.

### *2.9 Пасивен субјект*

Пасивен субјект е лицето врз кое се врши делото, поточно жртвата во потесна смисла на зборот – физичко лице што директно ги претрпува последиците од кривичното дело. Пасивен субјект кај кривичното дело „Силување" е секое лице над 14 години од машки или женски пол. Доколку станува збор за лице помладо од 14 години, имаме друго кривично дело, односно полов напад врз малолетник што не навршил 14 години. Но, постојат и држави каде што жртвата може да биде припадник само на женскиот пол, како што е кај нашиот источен сосед Бугарија. Дефиницијата на кривичното дело „Силување" во бугарскиот Кривичен законик гласи: „Тој што ќе има сексуални односи со лице од женски пол што е лишено од можноста за самоодбрана и без нејзина согласност, со присила или закана принудувајќи ја на тоа, ќе се казни со казна затвор од две до осум години".[17] Може да забележиме дека жртва на силување, односно пасивен субјект може да биде само лице од женски пол, за разлика од нашиот Кривичен законик, кој ги предвидува и двата пола како потенцијални жртви.

Пасивен субјект може да биде и лице со кое сторителот живее во брачна или вонбрачна заедница, така што не е важен фактот дали лицето е или не е во брак – и силувањето во брак е силување![18]

### *2.10 Отпор на жртвата*

[17]„Наказателен кодекс, Нова Звезда, София, 2001 год., достапен на: https://www.wipo.int/edocs/lexdocs/laws/bg/bg/bg023bg.pdf, член 152, ст. 1

[18] Камбовски, В., Тупанчески, Н., „Казнено право – посебен дел", петто, изменето и дополнето издание, Скопје: Правен факултет, 2011 г.

Отпорот што треба да го даде жртвата мора да биде сериозен и траен. Не постои кривично дело силување доколку жртвата уште на почетокот, па сè до завршувањето на половиот однос не дава отпор. Но, дополнителното согласување на жртвата во текот на половиот однос може да биде само индиција за евентуално непостоење цврста решеност за отпор и противење, но не и доволна основа за исклучување на противправноста на делото.[19] Сметаме дека самата дефиниција на отпорот како траен и сериозен е недоволно сериозна и прецизна. Нема одговор на прашањето што правиме тогаш кога жртвата е дотолку преплашена што воопшто не може да даде отпор? Или со лицата што се хендикепирани, парализирани или едноставно се физички послаби од силувачот, па не може да дадат доволно голем отпор? Тоа не смее да биде причина за исклучување на противправноста на делото, па затоа сметаме дека е потребна поинаква дефиниција на отпорот на жртвата во составот на кривичното дело „Силување“.

### *2.11 Извршител на кривичното дело „Силување“*

За означување на извршителскиот круг, нашиот КЗ ја употребува формата „тој“, според која извршител на ова кривично дело може да биде лице од машки или од женски пол, така што кривичното дело „Силување“ спаѓа во групата на *delicta communia*, односно кривични дела што може да бидат извршени од кого било. Значи, сторител може да биде лице од машки или женски пол што е способно за полово општење, дури и евнух,[20] освен ако воопшто нема полови органи.[21]

Постојат две гледишта што укажуваат на тоа дали ова кривично дело влегува во групата своерачни кривични дела, т. е. *delicta manu propria*, со што автоматски се исклучува соизвршителството, и второто становиште, кое ја негира своерачноста на ова кривично дело. Со првото становиште, ова дело се објаснува како дело со кое се задоволува половиот нагон на секое поединечно лице, па така, сторител може да биде кое било лице што го задоволило половиот нагон. Со второто становиште се констатира дека силувањето е

[19] Ibid, стр. 194.
[20] Евнух е кастриран маж, а терминот обично се користи за оние лица што се кастрирани поради вршење одредени специфични должности, како што биле чуварите на харемот во Османлискиот Царство.
[21] Камбовски, В., Тупанчески, Н., „Казнено право – посебен дел“, петто, изменето и дополнето издание, Скопје: Правен факултет, 2011 г.

сложено кривично дело и дека во неговото извршување може да се учествува било со преземање на едното, било со преземање на другото дејствие (присилба или обљуба). Значи, можно е соизвршителство на делото. Ова становиште е поприфатливо, а тоа го потврдува и одредбата од членот 186, став 3 од КЗ[22], каде што како квалифициран облик се смета неговото извршување од страна на повеќе лица.[23]

Како што напоменавме погоре, сторител на кривичното дело „Силување“ во нашето кривично законодавство може да биде само и маж и жена, додека, пак, компаративно гледано, постојат држави каде што сторителот на ова кривично дело може да биде само маж. Типичен пример за такво законодавство е и Англија. Кривичното дело „Силување“ е сместено во дванаесетта глава во Законот за сексуални деликти на Англија од 2003 година,[24] каде што кривичното дело „Силување“ е дефинирано на следниов начин: едно лице А сторува кривично дело силување кога со намера навлегува со половиот орган во вагината, анусот или устата на друго лице Б, а другото лице Б не се согласува со ова дејствие. Како што може да забележиме од дефиницијата, сторител на ова кривично дело може да биде лице од машки пол, додека, пак, кај нас се опфатени и двата пола.

### *2.12 Последици од кривичното дело „Силување“*

Секое кривично дело си има своја последица што се состои во различен степен на загрозување или повреда на заштитеното правно добро. Последицата, всушност, е резултат од дејствието на сторителот врз објектот на заштита.[25]

Последиците што жртвата може да ги добие по чинот на силување може да бидат најразлични, како на краткорочен, така и на долгорочен период. Не се ретки белезите што имаат влијание врз подоцнежниот живот на жртвата. Физичките траги што може да ги добие жртвата се неспоредливо помали од психичките последици што жртвата може да ги

---

[22] Член 186, став 3 од КЗМ: „Ако поради делото од став 1 настапила тешка телесна повреда, смрт или други тешки последици или делото е сторено од страна на повеќе лица или на особено суров или понижувачки начин, сторителот ќе се казни со затвор од најмалку четири години“.
[23] Камбовски, В., Тупанчески, Н., „Казнено право – посебен дел“, петто, изменето и дополнето издание, Скопје: Правен факултет, 2011 г.
[11] Sexual Offences Act, 2003, достапен на следниот линк: http://www.legislation.gov.uk/ukpga/2003/42/contents.
[25] Камбовски, В., „Казнено право – општ дел“, четврто, изменето и дополнето издание, Скопје: Правен факултет, 2011 г.

има, бидејќи тие целосно го менуваат натамошниот тек на нејзиниот живот. Во продолжение ќе наведеме неколку од последиците што може да се појават кај жртвата:

- Осцилација на чувствата – промени во расположението, предизвикани од претрпениот шок, проследени со моменти на депресија, меланхолично расположение и нагло менување на емоциите;
- Физичка болест – губење апетит, мачнина, како и проблеми со спиењето. Може да се развие и вагинална или анална инфекција или други дразби, како што се чешање, температура, чувствителност, главоболки итн. Стресот, пред сѐ, го намалува имунитетот и токму поради тоа жртвата може да искуси најразлични физички болести;
- Повторно преживување на настанот – постојано преживување на истиот настан, будење среде ноќ, плашење од повторен напад итн.;
- Потиштеност;
- Загуба на самопочит – може да се појави чувство кај жртвата дека таа е виновна, дека не е доволно добра и дека не заслужува почит;
- Ноќни кошмари;
- Фобии;
- Фригидност и развивање сексуална апатија – по силувањето, жртвите многу често чувствуваат и развиваат општо гадење и одбивност кон сексуалниот однос предизвикано од силувањето, односно сексуална апатија и фригидност;
- Лутина.[26]

Ова се само дел од тешките психички последици што кривичното дело „Силување“ може да ѝ ги нанесе на жртвата и најчесто тие се непоправливи. Жртвата целиот свој живот го преживува настанот одново и одново, а болката со која се соочува по сторувањето на чинот е невозможно да се надомести со ниедна санкција, ниту, пак, материјална оштета!

### *2.13 Квалифицирани облици на кривичното дело „Силување“ од КЗМ*

[26] Benedikt. H., Hostner, R. „The last violence”, New York, 1987.

Потешките облици на кривичното дело „Силување“ се опфатени во членот 186, став 3 од Кривичниот законик.[27] Имено, потежок облик на кривичното дело „Силување“ е кога дошло до настапување тешка телесна повреда, смрт или други тешки последици кај жртвата. Тука се земени предвид физичкиот и психичкиот интегритет на жртвата, кој може сериозно да биде загрозен по извршувањето на силувањето. Овој облик на силување е директно поврзан со член 15 од КЗ[28] во кој се опишани потешките последици, каде што тешката телесна повреда со умисла е опфатена во пропишаната казна. Одговорноста за потешка последица на кривичното дело „Силување“ постои и кога основното дело останало во обид.

Друг вид квалифициран облик на силување е кога делото е извршено од страна на повеќе лица. Услов за да постои овој облик на кривично дело е постоењето најмалку три или повеќе лица, од кои секој поединечно врши акт на обљуба или друго полово дејствие врз жртвата, таканаречено „редење над жртвата“. Притоа, оваа одредба се однесува на соизвршителството, а не и на соучесништвото. Нема да постои ова кривично дело ако едното лице се јавува во улога на извршител, а другото во улога на помагач.[29]

Начинот на извршувањето на кривичното дело „Силување“, исто така, може да биде квалификаторен елемент, т. е. доколку тоа е извршено на особено суров и понижувачки начин, на пример, извршување на силувањето на јавно место, изживување врз жртвата, примена на садомазохистички средства, јавно осрамотување на жртвата по силувањето итн.

Прикажан е и специјалниот вид присилување[30] на обљуба или друго полово дејствие со уцена. Уцената, всушност, претставува специјален облик на закана, каде што сторителот ѝ се заканува на жртвата дека за друг или нему блиско лице ќе открие нешто што би му наштетило на неговата чест и углед и дека ќе предизвика друго зло.

---

[27] Член 186, став 1 од КЗ: „Тој што друг со употреба на сила или закана дека непосредно ќе нападне врз неговиот живот или телото на нему блиско лице ќе го присили на обљуба, ќе се казни со затвор од три до десет години“.
[28] Член 15 од КЗ: „Кога од кривичното дело произлегла потешка последица за која законот пропишува потешка казна, таа казна може да се изрече ако сторителот во однос на последицата постапувал од небрежност“.
[29] Камбовски, В., Тупанчески, Н., „Казнено право – посебен дел“, петто, изменето и дополнето издание, Скопје: Правен факултет, 2011 г.
[30] Член 186, став 4 од КЗ: „Тој што друг ќе присили на обљуба со сериозна закана дека за него или за нему блиско лице ќе открие нешто што би му наштетило на неговата чест и углед или дека ќе предизвика друго тешко зло, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години“.

### *2.14 Казни и однос со други дела*

Казната за основното дело од членот 186, став 1 од КЗ изнесува минимум три, а максимум десет години, додека, пак, за квалифицираните облици сторителот се казнува со затвор од најмалку четири години. Присилувањето на обљуба со уцена, пак, се казнува со затвор од шест месеци до пет години.

Кога станува збор за односот со други дела, би го спомемале претежното мислење на кое се потпираат повеќето, односно дека силувањето ја консумира телесната повреда што настанува со силувањето (би имале привиден стек), како, на пример, дефлорацијата (кинење на хименот доколку жртвата е невина) или малите незначителни телесни повреди што настануваат со чинот на присилбата (гребаници, кубење влакна, модринки итн.). Но, доколку телесната повреда е нанесена по чинот на силувањето, тогаш постои реален хетероген стек на кривични дела (остварување на битието на две различни кривични дела со повеќе дејствија). Како дел од чинот на силување, обљубата ги зема предвид другите полови дејствија што може да настанат со актот на силувањето (фаќање за гради, допирање, бакнување, фрикција итн.).[31]

## 3. Обем и динамика на сексуалниот криминалитет

Според нашето мислење, статистичките податоци со кои располагаме не ја даваат реалната слика на овој специфичен вид насилство, имајќи ги предвид и некои од факторите што влијаат врз пријавувањето, односно непријавувањето на сексуалните кривични дела. Првенствено мислиме на високата темна бројка што доминира кај кривичните дела од оваа област, која оневозможува согледување на реалниот криминалитет што се случува. Во прилог ќе ги погледнеме статистичките податоци за кривичното дело „Силување“ од МВР за периодот од 2015 до 2021 година, а потоа ќе ги разгледаме и статистичките податоци за бројот на пријавени, обвинети и осудени лица за периодот од 2015 заклучно со 2020 година за кривичните дела против половата слобода и половиот морал (за 2021 година сѐ уште нема

[31] Камбовски, В., Тупанчески, Н., „Казнено право – посебен дел“, петто, изменето и дополнето издание, Скопје: Правен факултет, 2011 г.

официјална статистика) според официјалните податоци на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија.

**Табела 1: Кривични дела и сторители за кривичното дело „Силување“ според СВР за периодот од 2015 до јануари-април 2021 година**

| Организациски единици | 2015 | | 2016 | | 2017 | | 2018 | | 2019 | | 2020 | | 2021 (јануари-април) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Кривични | Сторители | Кривични | Сторители | Кривични | Сторители | Кривични | Сторители | Кривични | Сторители | Кривични | Сторители | Кривични | Сторители |
| СВР СКОПЈЕ | 10 | 1 | 6 | 4 | 3 | 2 | 5 | 7 | 6 | 4 | 5 | 7 | 3 | 2 |
| СВР БИТОЛА | 8 | 8 | 4 | 4 | 4 | 3 | 3 | 3 | 4 | 1 | 3 | 3 | 1 | 1 |
| СВР ВЕЛЕС | 3 | 3 | 4 | 5 | 2 | 2 | 3 | 3 | 4 | 4 | 3 | 3 | 1 | - |
| СВР КУМАНОВО | 6 | 5 | 3 | 3 | 2 | 3 | 2 | 2 | 2 | 3 | 2 | 2 | 1 | 1 |
| СВР ОХРИД | 4 | 4 | 4 | 3 | 8 | 8 | 7 | 7 | 4 | 4 | 7 | 7 | - | - |
| СВР СТРУМИЦА | 3 | 3 | 6 | 5 | 20 | 8 | 6 | 7 | 4 | 3 | 6 | 7 | 3 | 4 |
| СВР ТЕТОВО | 3 | 3 | 3 | 3 | 3 | 2 | 5 | 4 | 3 | 2 | 5 | 4 | - | - |
| СВР ШТИП | 5 | 6 | 6 | 6 | 13 | 12 | 5 | 5 | 8 | 9 | 7 | 7 | 1 | 1 |
| | | | | | | | | | | | | | | |
| **ВКУПНО** | **42** | **33** | **36** | **33** | **55** | **37** | **31** | **35** | **35** | **30** | **38** | **40** | **10** | **9** |

Извор: Официјална електронска евиденција на МВР и Систем за автоматска обработка на податоците (ХОСТ).[32]

Може да забележиме дека сексуалниот криминалитет се менува со текот на годините, односно од 2015 до 2017 година бележи благ пад, во 2017 година има повторно висок број со дури 55 кривични дела „Силување“, а потоа повторно се намалува. Може,

[32] Официјална електронска евиденција на МВР и Систем за автоматска обработка на податоците (ХОСТ).

исто така, да заклучиме дека во 2017 година, според официјалната статистика на МВР, имало најголем број кривични дела „Силување“ споредено со останатите години, од кои дури 20 кривични дела биле извршени во Струмица. По 2017 година имаме благ пад, за потоа повторно во 2020 година бројот да се зголеми. Што се однесува до бројноста на сторители на ова кривично дело, таа се движи од 30 до 40 сторители гледајќи ги подрачните единици на МВР, така што може да забележиме дека има поголем број сторители отколку број на кривични дела „Силување“, со што може да донесеме заклучок дека станува збор за групно силување, односно квалифициран облик на кривично дело – силување. Релативно малиот број извршени силувања во западниот дел на РСМ го објаснуваме со спецификите што ги поседуваат членовите на етничката заедница што доминира во овој регион од историски, традиционален и религиозен аспект на живеење. Станува збор за албанскиот етникум што се карактеризира со приврзаност кон муслиманската религија, длабока патријархалност, живеење во големи семејства итн., но истовремено и со голема стравопочит кон мажот од страна на жената, па неретко се случува жртвите воопшто да не го пријават силувањето токму поради стравот и своите убедувања. Сепак, мора да напоменеме дека станува збор за официјална статистика, односно приказ само на оние кривични дела што биле пријавени, без да ја знаеме темната бројка.

И покрај тоа што станува збор за период што опфаќа шест години, а бројот на пријавени кривични дела изнесува 247, сепак, со оглед на сериозноста на ова кривично дело, мора да признаеме дека на располагање имаме застрашувачки висок број со оглед на фактот што Република Северна Македонија е една мала држава со помал број население. Бројот е сериозен индикатор и ни покажува колку всушност ни се потребни промени, особено во делот на казните и нивната примена врз сторителите.

Со цел да добиеме појасна слика, ќе направиме споредба со бројот на пријавени, обвинети и осудени лица, анализирајќи ги податоците од Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија.

**Табела 2: Пријавени, обвинети и осудени лица за кривичните дела против половата слобода и половиот морал за период од 2015 до 2020 година**

| | **Пријавени лица** | **Обвинети лица** | **Осудени лица** |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| **2015** | 71 | 60 | 56 |
| **2016** | 78 | 45 | 39 |
| **2017** | 55 | 45 | 38 |
| **2018** | 62 | 53 | 44 |
| **2019** | 40 | 23 | 15 |
| **2020** | 47 | 31 | 29 |

Извор: Државен завод за статистика на Република Северна Македонија.[33]

Мора да имаме предвид дека податоците со кои располага Државниот завод за статистика ги опфаќаат кривичните дела против половата слобода и половиот морал, каде што не спаѓа само силувањето како кривично дело, туку и други кривични дела што го имаат истиот објект на заштита (полов напад врз дете, обљуба врз немоќно лице, обљуба со злоупотреба на положбата итн.), па поради тоа, бројот на пријавени сторители на кривични дела е значително поголем од бројот на пријавени сторители на кривично дело силување, кои ги анализиравме преку податоците добиени од МВР. Меѓутоа, споредувајќи го бројот на пријавените сторители од двата извори, може да дојдеме до заклучок дека поголемиот број кривични дела против половата слобода и половиот морал се всушност кривични дела „Силување“. Бројот на поднесени кривични пријави го земаме како еден од најрелевантните индикатори за криминалитетот, бидејќи тој ни овозможува да се приближиме најблиску до реалниот криминалитет. Бројот на обвинети лица е забележително помал, а тоа се должи на повеќе причини: одбивање на обвинението, запирање на постапката или ослободување од обвинение на лицето, додека, пак, бројот на осудени лица е секогаш најмал. Може да дојдеме до заклучок дека бројот на осудени лица најмногу се оддалечува од реалниот (откриен и неоткриен криминалитет), додека, пак, бројот на пријавени лица, како што напоменавме погоре, претставува најдобар индикатор за да добиеме појасна слика за криминалитетот, но не смееме да заборавиме дека темната бројка и кај овој вид криминалитет (силувањето и останатите кривични дела против половата слобода и половиот морал) е висока.

[33] Официјална електронска евиденција на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија.

Анализирајќи ги сите овие податоци, мора да заклучиме дека, за жал, бројот на сексуалниот криминалитет е застрашувачки висок, имајќи ја предвид тежината на кривичните дела и нивниот објект на заштита – половата слобода и половиот морал.

## 4. Заклучни согледувања

Иако на хартија сè изгледа средено и функционално, сепак останува да се запрашаме дали описот на делото, особено на квалификуваните облици на кривичното дело „Силување" се добри? Посебно би го истакнале делот во кој се опишува квалификуваниот облик на силување на особено суров и понижувачки начин. Секое силување, според нашето мислење, самото по себе е доволно сурово, омаловажувачко и деградирачко. Казните што се предвидени за кривичните дела против половата слобода и морал се премногу ниски, а минимумот од три години е речиси никаква казна, спореден со тежината на ова кривично дело. Казната треба да биде пропорционална на стореното дело, односно да постои баланс помеѓу неправото и казната што се добива за него. Се чини дека тој баланс не е постигнат кога станува збор за кривичните дела против половата слобода и морал, бидејќи законскиот минимум во никој случај не може да парира со нанесеното непоправливо зло. Сметаме дека треба да се подигне законскиот минимум, како и да се предвиди казна доживотен затвор за одредени квалификувани облици, како што е, на пример, силувањето чија последица била настапување смрт на жртвата, кое според нашето мислење е на иста линија со основниот облик на убиство. Исто така, високиот број на сторени кривични дела „Силување" ни покажува колку всушност кривичното право не успеало да ја оствари едната од своите функции – преку казнувањето на другите, истовремено да дејствува застрашувачки кон потенцијалните сторители и да ги одврати од намерата да сторат кривични дела „Силување". Преку статистичките податоци гледаме дека ова дело и натаму се повторува, а казните немаат некоја голема улога.

Што се однесува до делот во кој се објаснува отпорот што жртвата треба да го даде, каква е таа дефиниција што наведува дека отпорот треба да биде сериозен и траен? Што значи всушност тоа? Сметаме дека е доволно жртвата да покаже каков било знак на противење, конклудентни дејствија, макар и обично поттурнување на сторителот или каков било вербален знак. Не се сите жртви доволно физички спремни, ниту, пак, реагираат на

ист начин. Шокот, траумата и стравот си го прават своето и често може да ја онеспособат жртвата, така што таа нема да може да се брани, ниту, пак, да дава отпор, а тоа не го исклучува постоењето на ова кривично дело! Затоа е потребно редефинирање на тоа што всушност значи поимот отпор што треба да го дава жртвата, како и на инкриминациите за кривичното дело „Силување" и казните што се предвидени за нив.

Се надеваме дека преку ова истражување може да создадеме една мала слика за ситуацијата со која се соочува нашата држава на овој план, како и дека овој труд ќе биде само уште еден мотив плус и поттик понатаму да се разработува и да се подобрува состојбата на ова поле.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:


**Домашна литература:**

- Арнаудовски, Љ, (2007) „Криминологија", Правен факултет „Јустинијан Први" Скопје, 2-Август С Штип, Скопје
- Арнаудовски, Љ./Груевска-Дракулевски, А. (2013) „Пенологија" (прв и втор дел), Правен факултет „Јустинијан Први" Скопје, 2 Август С Штип, Скопје
- Камбовски, В. (2011), „Казнено право – општ дел", четврто, изменето и дополнето издание, Правен факултет, Скопје
- Камбовски, В., Тупанчески, Н. (2011), „Казнено право – посебен дел", петто, изменето и дополнето издание, Правен факултет, Скопје
- Маљаноски, К. (2015), „Криминолошки профил на сторителите на кривичното дело силување", Ри-Графика Скопје, Скопје

**Закони (домашни):**

- Кривичен законик, трето, изменето и дополнето издание, Скопје, 2017 г.

**Странска литература:**

- Гутовиќ, В. (1995), „Психологијата на криминалитетот", Правен факултет, Белград

- Hans, H. (1947), „The criminal and his victim”, Yale University Press, New Haben, Connecticut“
- Marković, I. (2002), „Osnovi kriminologije“, Pravni fakultet, Banja Luka

**Интернет-страници:**

- https://scholarlycommons.law.northwestern.edu/cgi/viewcontent.cgi?article=1128&context=jclc
- https://www.ncjrs.gov/App/Publications/abstract.aspx?ID=47289
- https://philosophy.lander.edu/ethics/aristotle1.html#:~:text=Abstract%3A%20Aristotle's%20ethics%20is%20a,an%20ethics%20of%20self%2Dinterest.&text=I.,good%20is%20not%20a%20disposition.
- https://www.academia.edu/16533171/Biopsiholo%C5%A1ka_pozadina_nasilnih_krivi%C4%8Dnih_djela_i_profilisanje_njihovih_u%C4%8Dinilaca
- https://www.rainn.org/statistics/perpetrators-sexual-violence
- https://psycnet.apa.org/record/1992-98391-000
- France_Criminal Code updated on 12-10-2005.pdf
- https://www.legislationonline.org/download/id/8662/file/Sweden_criminal_code_am2020_en.pdf
- https://www.legislationonline.org/download/id/8395/file/Bulgaria_Criminal_Code_1968_am2017_ENG.pdf

**Ivana Baltovska**[34]

# DEFINITION, FORMS AND PHENOMENOLOGY OF THE CRIME OF RAPE (Article 186 of the Criminal Code)


## Abstract

The crime of rape, as a part of the sexual crime in general, is a terrible violation of one of the most important human rights – the sexual freedom and the sexual morality. Although this type of crimes does not hold a large percentage from the total crime, the possible consequences are horrible. This is one of the most serious crimes, incriminated in the nineteenth chapter of the Criminal Code of Republic of North Macedonia- "Crimes against sexual freedom and sexual morality". This type of abuse of one of the greatest values of people has always existed, which is why we consider and analyse the reasons for the commission of sexual crime and the high dark number.

This dissertation will elaborate the elements of the crime of rape, the phenomenology, the comparative review of the criminal legislation, as well as the analysis of the information received from the institutions that collect and analyse the crime of rape, from the past 6 years, which are useful for this dissertation (from 2015 to April 2021, when this research was done).


---

[34] The author is a master of criminal law, currently working in the law firm "VERITAS-Bitola".
She graduated from the Faculty of law "Iustinianus Primus" in 2018, and she finished her master studies in 2020, under the mentorship of the professor doctor Aleksandra Gruevska-Drakulevski, with her master thesis: "The profile of perpetrator of the crime of rape". She is a project-coordinator of the NGO "Justice Defenders ", working on projects in the field of law. Baltovska has participated in seminars, trainings and conferences, which have included protection and promotion of human rights and freedoms. She has also worked with prisoners and detainees with the Legal Clinic for vulnerable groups at the Faculty of law "Iustinianus Primus" and also with migrants, with the Legal Clinic for refugees.
She has published three books: "The unspoken words", "Spiderweb of secrets"- winner of the recognition for affirmation of the modern Macedonian language and literature and the book " A step before everyone"- as a project funded by the Ministry of culture.

With this dissertation will be specified certain segments of this crime and we will try to clarify certain dilemmas related with the interpretation of this crime.

**Key words:** the crime of rape, the object of protection of the legal norm, sexual freedom and sexual morality, victim, perpetrator.